На барање од Народна банка на Република Северна Македонија, Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје изврши промени во Предлог – одлуката за изменување и дополнувања на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје и истата заедно со образложението е во продолжение:

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 41 и 93 став 1 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, на седницата одржана на ден 04.05.2022 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Статутот**
**на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**

**Член 1**

Во Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, пречистен текст од 17.10.2022 година, во член 2 алинеја 16, по зборот: „информирање“, се додаваат зборовите:„и известување“.

По алинеја 17, се додаваат две нови алинеи 18 и 19, кои гласат:

„ - систем на внатрешна контрола и функции на контрола,
- политика за наградување,“.

Алинејата 18 која станува алинеја 20, се менува и гласи:

- одговорност за животната средина и општествените прашања,“.

Алинеите 19 и 20 стануваат алинеи 21 и 22.

**Член 2**

Во член 9 став 1по точката 22, се додава нова точка 23 која гласи:

„23) застапување во осигурување и“.

Точката 23 станува точка 24.

По ставот 1 се додаваат три нови ставови кои гласат:

„ Активностите за коишто е потребна посебна согласност од Народната банка или од друг орган, Банката ќе ги врши по претходно добивање на согласност.

Други финансиски активности за кои е потребна посебна согласност од Народна банка или друг орган Банката ќе ги врши по претходно добивање на согласност.

Банката може да врши и други работи согласно Законот за банките доколку не е потребна претходна согласност од страна на Народната банка“.

Ставот 2 станува став 5.

Во ставот 3 кој станува став 6, запирката по бројот 23 се заменува со сврзникот „и“ и се додава бројот :„24,“.

**Член 3**

Во член 20 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

**„** Акционерите на Банката ги имаат следните права:

- право на учество и одлучување во Собранието на Банката;
- право на информирање за работењето на Банката;
- право на дивиденда
- право на заштита на правата од акционерство пред судовите и други органи и институции и
- други права утврдени со законските и подзаконските прописи“.

**Член 4**

Во член 33 ставот 1 се менува и гласи:

„ Банката во своето работење е должна да ги презема сите дејства и мерки за откривање и спречување на перење на пари и финансирање на тероризам и постапува согласно со прописите од областа на спречување на перење пари и финансирање на тероризам“.

**Член 5**

Во член 36 став 1, по зборот:„дирекции“ се додава запирка и зборот:„служби“.

**Член 6**

Во член 40 став 1, зборовите „Собранието на Банката“ се заменуваат со зборот:„Собранието“.

**Член 7**

Во член 42 став 2, зборот:„банка„ се заменува со зборот:„Банка“.

Ставот 3 и ставот 4 се бришат.

Ставот 5 станува став 3.

**Член 8**

Во член 45 став 1, алинејата 2 се менува и гласи:

„ - овластување на полномошник и како се одвива постапката за гласање преку полномошник.

По алинејата 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

„ - постапка за гласање со кореспонденција или електронско гласање“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„ Во јавниот повик односно поканата за одржување на седница на собрание на акционери треба да биде наведена официјалната интернет страница на банката на која ќе бидат достапни информациите во врска со вкупниот број на акции и вкупниот број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објава на повикот, документи и материјали кои ќе се разгледуваат на седницата на Собранието, предложените одлуки за донесување или мислење од овластен орган или тело, предложените одлуки од акционерите, обрасците за гласање преку полномошник“.

**Член 9**

Во член 47, став 1, по зборот:„банката“, се додаваат зборовите: „и на интернет страницата на Банката“.

**Член 10**

Во член 50, во ставот 3, се додава нова реченица, која гласи:

„ Обврската на Банката да одговори на поставените прашања е претходно условена со потврдување на личниот идентитет на акционерите кои поставиле прашања, одржувањето на ред во работата, заседавањето на Собранието и зачувување на доверливоста, принципите на банкарска и деловна тајна како и деловните интереси на Банката“.

**Член 11**

По член 51 се додава нов член 51-а кој гласи:

„ Акционерите можат да гласаат преку соодветно електронско средство, коешто е дел од јавна комуникациска мрежа. На секој акционер мора на сигурен начин да му се

утврди идентитетот, правото на глас, начинот на воспоставување на комуникациска врска меѓу Банката и акционерот и тоа така што гласањето ќе му биде достапно и ќе може со сигурност да се евидентира извршеното гласање. Кога акционерот гласа електронско средство се смета за присутен на собранието, односно го сочинува кворумот за работа и одлучување на собранието.Банката на својата интернет страница објавува опис на постапката и потребната докумнетација за идентификација на акционерите за гласање преку електронско средство.

Банката во согласност со Законот за трговските друштва може да им овозможи на акционерите да гласаат со коресподенција пред денот на одржувањето на свиканото Собрание.

Пред да им се овозможи на акционерите да гласаат со коресподенција, Банката може да побара тие да го потврдат својот личен идентитет приложувајќи документи за лична идентификација во оригинал или во препис од оригинал по избор на акционерите и без обврска за акционерите да го заверат кај нотар или да биде потврден од домашен или странски надлежен орган.

Гласањето со коресподенција се врши со испраќање на пополнет образец кој во оригинал мора да биде примен во Банката најдоцна еден работен ден пред денот на одржувањето на Собранието.

Акционерите кои гласале со коресподенција, може лично да присуствуваат на седницата на Собранието, но ќе мораат писмено да го отповикаат гласањето со коресподенција најдоцна 48 часа пред одржувањето на Собранието, во спротивно ќе се земе во предвид гласањето со коресподенција“.

**Член 12**

Во член 52-а ставот 2 се брише.

**Член 13**

Во член 57-а, во ставот 4, по зборот:„врска“ се додаваат зборовите:„или со користење на друга аудио или визуелна комуникациска опрема,“.

**Член 14**

Во член 58 став 1, по точката 28 се додава нова точка 29, која гласи:

29) „врши и други работи во согласност со овој Статут, и другите акти на Банката и законските и подзаконските прописи“.

**Член 15**

Во член 60 по ставот 1, се додава нов став 2, кој гласи:

„ Во однос на добрите деловни обичаи и практики, мандатот на член на надзорен одбор може предвремено да престане доколку членот:

- за своја или туѓа сметка, лично или преку трети лица извршува задачи од работите што ги врши Банката како и да советува лица кои може да се сметаат за конкурентни со Банката и
- е вработен, работно ангажиран или партнер на компанија за ревизија назначена како надворешен ревизор на Банката“.

Ставовите 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

**Член 16**

Во член 68 во алинејата 8, точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка и се додаваат четири нови алинеи 9,10,11 и 12, кои гласат:

- најмалку еднаш во три месеци го известува Надзорниот одбор на Банката за својата работа;
- најмалку еднаш годишно врши оценка на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно;
- поднесува полугодишен и годишен извештај за својата работа до Надзорниот одбор на Банката, при што во годишниот извештај е содржана оцената на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и
- врши и други работи во согласност со законските и подзаконските прописи, Статутот и другите акти на Банката.

**Член 17**

Во член 70, по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Управниот одбор ја оценува сопствената ефективност и ефикасност на своите поединечни членови најмалку еднаш годишно и го известува Надзорниот одбор за заклучоците од оценувањето“.

**Член 18**

Во член 75 по ставот 1 се додаваат два нови ставови 2 и 3, кои гласат:

„На член на Управниот одбор може предвремено да им престане мандатот со разрешување од должноста поради работење кое е спротивно со законската регулатива, Статутот и добрите деловни обичаи, поради смрт или трајна спреченост за работа или врз основа на лично писмено барање.

Во однос на добрите деловни обичаи и практики, мандатот на член на управниот одбор може предвремено да престане доколку членот:

- за своја или туѓа сметка, лично или преку трети лица извршува задачи од работите што ги врши Банката како и да советува лица кои може да се сметаат за конкурентни со Банката и
- е работно ангажиран или партнер на компанија за ревизија назначена како надворешен ревизор на Банката“.

**Член 19**

Во член 77-а ставот 1 се менува и гласи:

„ Надзорниот одбор, од редот на своите членови, формира Одбор за наградување, избор и именување кој му помага во ефикасно спроведување на Политиката за наградување на вработените учествува во постапката за избор и именување, следење на работењето и разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризиците, Одборот за ревизија и Управниот одбор и други одбори, комисии и други тела, коишто му помагаат при спроведувањето на дел од неговите надлежности“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Покрај одборот од претходниот став, Надзорниот одбор може да формира и други одбори коишто му помагаат во спроведување на неговите надлежности“.

**Член 20**

Во член 77-б став 2, бројот и зборот:„5 (пет)“ се заменуваат со бројот и зборот:„4 (четири)“, алинејата 3 се брише, а алинеите 4 и 5 стануваат алинеи 3 и 4.

**Член 21**

Во член 83, став 1, зборовите:„Раководителот наа службата за внатрешна ревизија,“, се заменуваат со зборовите:„Директорот на Службата за внатрешна ревизија, Директорот на Службата за контрола на усогласеност со прописи и спречување перење пари и финансирање тероризам“.

Во ставот 2 по зборовите:„Директорите на дирекции,“, се додаваат зборовите: „ Директорот на Службата за контрола на усогласеност со прописи и спречување перење пари и финансирање тероризам,“.

Во ставот 5 по зборовите:„ Надлежностите, правата и одговорностите на директорите на дирекциите,“ се додаваат зборовите:„ директорот на Службата за контрола на усогласеност со прописи и спречување перење пари и финансирање тероризам, Директорот на Службата за внатрешна ревизија“.

**Член 22**

Во член 85 став 2 зборот:„раководителот“, се заменува со зборот:„директорот“.

**Член 23**

Во член 87 став 2 зборот:„раководителот“, се заменува со зборот:„директорот“.

**Член 24**

Во член 97, ставот 2 се менува и гласи:

„ За лицата со посебни права и одговорности, акционерите и вработените на Банката обврската за чување на банкарска тајна не се однесува само во случај кога со закон е пропишано објавувањето на податоците и информациите, доколку лицето дало писмена согласност за откривање на податоците и во други случаи утврдени со закон“.

Ставот 3 се брише.

Во ставот 4 кој станува став 3, зборовите:„ од ставовите 1 и 4 од овој член“, се заменуват со зборовите:„за чување на банкарска тајна“.

**Член 25**

Насловот на членот 98 се менува и гласи:

**„ ИНФОРМИРАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ**“.

Членот 98 се менува и гласи:

„ Работењето на Банката е јавно.

Акционерите на Банката, деловните партнери, клиентите и штедачите имаат право да бидат информирани за работењето на Банката.

На секој акционер му се обезбедува право на увид во актите и другите документи во согласност со закон.

Акционерот претходно го најавува остварувањето на правото на увид на актите во Банката. Увидот се врши во посебна просторија определена од Банката.

Акционерот не може јавно да ги објавува и претставува информациите добиени преку увид во актите, освен во случаите на остварување на некое право пред надлежен суд.

Доколку акционерот кој имал пристап до информациите објави или на друг начин злоупотреби информација и со тоа причини штета на Банката, тој е одговорен пред Банката за причинетата штета.

Акционерите на Банката, клиентите и други  се известуваат за работењето на Банката, преку интернет страницата на Банката и другите форми на информирање во согласност со закон“.

Со посебен општ акт се утврдуваат формата и содржината на информирањето, како и други прашања од информирањето.

Банката е должна навремено и соодветно да ја известува Народната банка, како и да доставува извештаи и податоци на утврден начин, форма, содржина и рокови за активности предвидени во законските и подзаконските прописи".

**Член 26**

По членот 99, се додаваат три нови члена 100, 101 и 102 и нови наслови, кои гласат:

**„ СИСТЕМ НА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА**
**И ФУНКЦИИ НА КОНТРОЛА**

Член 100

Надзорниот и Управниот одбор на Банката воспоставуваат систем на внатрешна контрола којшто обезбедува ефикасно работење на Банката и во согласност со прописите, соодветно идентификување, мерење и контрола на ризиците со цел нивно намалување, оцена на ефикасноста и соодветноста на функциите на контрола и на целокупното корпоративно управување, вклучувајќи и оцена на квалитетот на системот на известување на Надзорниот и Управниот одбор, точност и навременост на информациите и податоците коишто се доставуваат до органите на Банката, до заинтересираните лица и до пошироката јавност,како и соодветни оперативни и сметководствени процедури. Надзорниот и Управниот одбор на Банката обезбедуваат целосна независност на функциите на контрола, преку:

- воспоставување соодветна организациска поставеност на функциите на контрола преку нивно меѓусебно одвојување и одвојување на активностите коишто се предмет на нивната контрола;
- именување лица надлежни за функциите на контрола коишто не се подредени на лицата надлежни за активностите коишто се предмет на нивната контрола;
- обезбедување соодветни човечки и материјални ресурси за независно, објективно и ефикасно извршување на функциите на контрола;
- поставеност на функциите која што ќе овозможи избегнување судир на интересите;
- обезбедување непречен пристап до сите вработени во Банката и до сите информации коишто се потребни за ефикасно спроведување на соодветната функција на контрола;
- воспоставување начин на наградување на лицата вклучени во извршувањето на одделните функции на контрола којшто не е поврзан со успешноста на активностите коишто се предмет на нивна контрола и
- воспоставување механизам за непречена соработка меѓу лицата вклучени во извршувањето на одделните функции на контрола и останатите вработени во Банката.

Надзорниот одбор ги уредува со посебен интерен акт надлежностите, начинот на организацијата и функционирањето на внатрешната контрола во согласност со одредбите од овој Статут.

**ПОЛИТИКА ЗА НАГРАДУВАЊЕ**

Член 101

Со Политика за наградување за вработените во Банката, се дефинираат јасни и транспарентни правила и критериуми за определување на висината на вкупниот надоместок, а особено за јасно определување и разграничување помеѓу фиксниот и варијабилниот дел од вкупниот надоместок.

Надзорниот одбор на Банката редовно ја прегледува соодветноста на Политиката за наградување и практиките за наградување, најмалку еднаш годишно. Банката ги објавува информациите поврзани со Политиката на наградување и практиките за наградување во обем и на начин како што е наведено со одредбите кои се обврзувачки за Банката.

**ОДГОВОРНОСТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**
**И ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРАШАЊА**

Член 102

Банката се грижи за одржливо финансиско работење земајќи ги предвид социјалните и еколошките ризици и можности за заштита и унапредување на животната средина.

Надзорниот и управниот одбор водат сметка во мерките и стимулациите за успешност да се земат предвид релевантните прашања од животната средина и прашањата од општествен интерес.

Со интерен акт на Банката поблиску ќе се регулираат критериумите на Банката за одржливо финансиско работење и заштита на животната средина".

**Член 27**

Членот 100 станува член 103.

Членот 101 кој станува 104, во ставот 1 зборовите:„26.05.2021 година", се заменуваат со зборовите:„17.10.2022 година".

Членовите 102 и 103 стануваат членови 105 и 106.

**Член 28**

Одлуката стапува на сила со денот на добивање на согласност од Гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија и по нејзиното усвојување од Собранието на Банката.

**Член 29**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и/или дополнувања на оваа одлука на барање на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Член 30**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и дополнување на оваа одлука, во случај да има потреба.

Стручната служба на Банката да изготви пречистен текст на Статутот.

**О б р а з л о ж е н и е**
**за потребата од изменување и дополнување на Статутот**

Со предложените измени и дополнувања на Статутот се врши усогласување со Законот за банките, Законот за трговските друштва, Одлуката за добро корпоративно управување во банка, Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска берза и тековното работење на Банката.

Со членот 1 од предложените измени и дополнувања се врши проширување на опфатот на содржината на статутот, соодветно на промените кои се предмет на регулирање на истиот.

Со членот 2 пропишани се активностите коишто ги врши Банката, согласно со одредбите на Законот за банките.

Со членот 3 извршено е дополнување на правата на акционерите на Банката, согласно со одредбите на Законот за трговските друштва.

Со членот 4 се врши усогласување со новиот Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам, а со членот 5 се врши усогласување на организациските единици кои функционираат во Банката.

Одредбите од предложените членови од 6 до 12, се однесуваат на организацијата и одржувањето на Собранието на акционери и со истите извршено е усогласување со Законот за

трговските друштва и Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска берза.

Со предложените одредби 13, 14 и 15 се врши дополнување во однос на начинот на организација и одржување на седници, предвремен престанок на мандат на член на Надзорниот одбор како и надлежностите на овој одбор.

Со членот 16 се дополнуваат надлежностите и обврските на Одборот за ревизија.

Со членовите 17 и 18 се врши дополнување на одредбите со кои се уредуваат надлежностите и обврските на Управниот одбор, со што се врши усогласување со одредбите на Одлуката за добро корпоративно управување во банка и со Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска берза.

Со членот 19 се врши проширување на надлежностите на постојниот Одбор за наградување, кој со предложените измени Надзорниот одбор го формира како Одбор за наградување, избор и именување. Со новите надлежности овој одбор му помага на Надзорниот одбор во ефикасно спроведување на Политиката за наградување на вработените учествува во постапката за избор и именување, следење на работењето и разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризиците, Одборот за ревизија и Управниот одбор и други одбори, комисии и други тела, коишто му помагаат при спроведувањето на дел од неговите надлежности.

Со членот 20 извршена е промена во составот на Кредитниот одбор и во истиот нема да учествува заменик Директорот на Дирекција Корпоративно банкарство. Со оглед на тоа дека Директорот на Дирекција Корпоративно банкарство учествува во работата на Кредитниот одбор, учеството на заменик Директорот на Дирекцијата Корпоративно банкарство претставува дуплирање на учеството на член од ист ресор, а притоа заменикот ќе биде ослободен да врши други оперативни задачи и да учествува во работата на другите органи и тела на Банката. Воедно, намалувањето на бројот на членовите на овој одбор нема да влијае во начинот на одлучување на одборот, бидејќи согласно став 6 на член 77-б од Статутот, Кредитниот одбор донесува одлуки едногласно од сите присутни членови на седницата.

Со член 21, 22 и 23 извршено е допрецизирање во дефинирањето на лицата со посебни права и одговорности во Банката, што е во согласност со постојната организациска структура на Банката.

Со членот 24 извршено е дополнување во однос на чувањето на банкарска тајна за лицата со посебни права и одговорности, акционерите и вработените на Банката.

Со членот 25 се врши уредување на постапката за увид од страна на акционерите во документација со која располага банката во согалсност со одредбите од Законот за трговските друштва, Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска берза.

Со членот 26 се додаваат три нови одредби со кои се уредува Системот за внатрешна контрола и функции на контрола, Политика за наградување и Одговорност за животната средина и општествените прашања. Овие дополнувања се во насока на усогласување на Статутот со Одлуката за добро корпоративно управување во банка и Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска берза.

Истовремено, со предложените измени и дополнувања направени се и други измени во текстот на Статутот во насока на негово унапредување, прецизирање и појаснување на одредбите и на целосно усогласување со позитивната законска и подзаконска регулатива.

СО бр. СОБРАНИЕ
04.05.2023 година ПРЕТСЕДАВАЧ